Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

- Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во управувањето со водите е континуирано обезбедување на квалитетна вода за водоснабдување на населението и целосно покривање на населените места со водоснабдителни мрежи. Изградбата на водоснабдителната инфраструктура за селото Конопница претставува реализација на планските определби за развојот на водостопанството

за максимално користење на изворниците за вода и изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи поголем број на корисници да се снабдуваат со квалитетна вода. Исто така со изградбата на водоснабдителниот систем ќе се реализира една од основните определби во управувањето со водите за обезбедување на вода со висок квалитет за водоснабдување на населението во Републиката.

- **Енергетика и енергетска инфраструктура**

- **Низ локацијата за изградба на водоводна мрежа во с. Конопница, КО Конопница, Општина Крива Паланка, минува постојниот преносен 110 кУ далновод Куманово-Кратово-Крива Паланка заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).**
- Локацијата за изградба на ***водоводна мрежа во с. Конопница, КО Конопница, Општина Крива Паланка,*** нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежи на населби

Иницијативата за изградба на ***водоводна мрежа во с. Конопница, КО Конопница, Општина Крива Паланка,*** би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, ***инфраструктурна опременост*** и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

<u>Јавни функции</u>

Изградбата на водоводна мрежа во с. Конопница, КО Конопница, Општина Крива Паланка, е надвор од урбаниот опфат на населбата и на тој дел нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт. Со изградбата на ***водоводна мрежа, ќе се овозможи поквалитено снабдување со вода на објектите од јавни функции***

<u>Сообраќај и врски</u>

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин -

Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје –Тетово Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Трасата за изградба на водоводна мрежа во с. Конопница, КО Конопница, Општина Крива Паланка, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Индустрија

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор. Изградбата на водоводна мрежа во с. Конопница, КО Конопница, Општина Крива Паланка ќе влијае на поттикнување на развојот на производниот сектор.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.

Заштита на културното наследство

Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Конопница има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

- **Туризам и организација на туристички простори**

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување **и** истовремено задоволување на голем број разновидни барања **и** желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред се, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираноста, на територијата на Р. Северна Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Р. Северна Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети. Припаѓа во туристички простори со регионално значење.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД , ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И НА ЗЕЛЕНИЛОТО

Согласно ажурираната геодетска подлога и податоците во извештајот од извршено дигитално преклопување при АКН, во рамките на проектниот опфат, предмет на овој урбанистички проект, не постои изграден градежен фонд и зафаќа катастарски парцели со катастарска култура земјоделско земјиште, низ кои поминува некатегоризиран земјан пат.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ (ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРКИ ОСНОВИ)

- Од страна на **Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство** има добиено допис на 04.02.2025 со арх.бр.17-482/2 и констаира дека не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство.

  Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети со археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (,, Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19.)

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Пред отпочнување на проектирањето побарани се податоци, информации и мислења од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М 32/20), за проектниот опфат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка** дадоа одговор на нашето барање, дека на овој плански опфат нема нивни инфраструктурни објекти под. Бр.1005-187/1 од 27.01.2025 год**.**

7.1 Сообраќајна мрежа и врски

- Низ границите на предметниот проектен опфат, според податоците од ажурираната геодетска подлога не поминува друга сообраќајна врска. Од страна на **Јавно претпријатие за државни патишта** има доставено допис со арх.бр. 1882/2 од од 07.03.2025 и констатираат дека низ предметниот опфат не поминува државен пат во нивна сопственост.

- Од страна на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура – известија, дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничка пруга, и дека на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура- Скопје.

7.2 Водоводна мрежа

- Од страна на АД Водостопнство на РСМ – Скопје, Продружница Кумановско Липковско Поле- Куманово, доставија допис со за ивестување дека на овој плански опфат нема нивни инфраструктурни објекти, со арх.бр. 0302-48/1 од 06.02.2025год.
- Од страна на Јавно Претприатие Комуналец Крива Паланка, доставија допис со известување дека на овој плански опфат има водоводен систем, кој треба да биде реконструиран, со прилог Основен проект со арх.бр.08-132/2 од 03.02.2025год.
- Од страна на **ЈП водовод и канализација - Крива Паланка,** имаат доставено Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна мрежа во м.в. Спас и м.в. Грамаќе во с. Кононица, КО Конопница, КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, изработен од МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ, Друштво за проектирање, трговија и услуги, со седиште на ул. Ниола Папаунов бр.27-3/20, Скопје со тех. бр. 01/23, од Октомври 2023год.
- - Основен Проект за водоснабнителен систем за Село Конопница, Општина Крива Паланка, изработен од МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ, Друштво за проектирање, трговија и услуги, со седиште на ул. Ниола Папаунов бр.27-3/20, Скопје со тех. бр. 38/23, од Октомври 2023год.

7.3 Електроенергетска мрежа

- Согласно дописот од **МЕПСО- допис број 11-550/1 од 28.01.2025,** извесуваат дека планскиот опфат НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО
- Согласно допис од **ЕВН- допис број 10-255/5-20 од 30.04.2023** известуваат дека во согласност со податоците од службената евиденција располагаме со следните податоци:

- 110(35)kV Трафостаница
- 110kV Подземна мрежа
- 110kV Надземна мрежа
- 35kV Подземна мрежа
- 35kV Надземна мрежа
- 10(20)/0.4kV Трафостаница
- 10(20)kV Подземна мрежа
- 10(20)kV Надземна мрежа
- 0.4kV Подземна мрежа
- 0.4kV Надземна мрежа
- Друго
- Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

- трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.
- Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.
- При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

7.4Телекомуникациска мрежа

- Согласно дописот од **Македонски Телеком- допис број 68328 од 29.01.2025год.** известуваат дека во границите на планскиот опфат за Урбанистички проект вон опфат на урбнистички план за инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, известија дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.
- Согласно допис од **А1- допис со бр. 11-1447/1 од 13.03.2025год.** известуваат дека на предметното подрачје на опфатот **немаат** постојани подземни/надземни информации.

- Согласно допис од **АЕК – допис со бр. 1404-848/2 од 27.03.2025год.** известуваат дека на предметното подрачје према достадвената документација на локацијата немаат податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и ситеми.

7.5 Гасоводна мрежа

- Согласно дописот од **НОМАГАС- допис број 08-349/2 од 27.01.2025** известуваат дека на наведениот плански опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

8. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД СУБЈЕКТИТЕ ОД ЧЛЕН 32 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОСТОЈНАТА/ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ.

- **Министерство за животна средина и просторно планирање, сектор води- допис број 15-1855/1 од 29.02.2024** -Известуваат де проектниот опфат се однесува на тоа дали постоните услови за планирање на просторот со намена инфраструктури заводоснабдување за изградба на водоводна мрежа во КО Конопница, Општина Крива Палнка, изработени од страна на Агенција за планирање на просторот со технички број У24123,врз основа на кои Министерството за животна средина и просторно планирање на просторот има издадено решение за Услови на планирање на просорот под бр.УП1-15 152/2023 од 18.07/2023, можат да се користат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за изградба на

локален пат од м.в.Спас до м.в.Крст, Ко Конопница, Општина Крива Паланка. Министерството за животна средина и просторно планирање на- сектор за планирање известува дека ги има разгледано списите на предметот на веќе издадени улови за планирање на просторот со намена инфраструктури на водоснабдување за изградба на водоводна мрежа во м.в Вирови и м.в Грамаќе во с.Конопница, КО Конопница, Општина Крива Паланка. Во контекст на понапред кажанато, не известија дека согласно член 42, став4 од законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/20 и 11/23), кој глаци.... За ист плански пофат за кој веќе биле издадени услови за планирање на просторот, доколку донесувачот ги измени целите и наменската употреба на земјиштето во планската, односно проектната програма за урбанистичките проекти од ствот (1) на овој член во однос на претходната. Органот на државната управа за ва**жноста на издадените услови за планирање на просторот додека е во сила Просторниот план на просторот не се издаваат кога е во сила истиот Просторен лан на Република Северна Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат.**

- **Министерство за одбрана-допис број 8-81-5 од 04.03.2025** известуваат дека не располагаат со техничка документација за кабелски инсталации.
- **Министерство за внатрешни работи- допис број 11.2.35046/2 од 01.04.2025** известуваат дека немаат податоци за постоење на телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации задолжително да бидат известени.

- **Дирекцијата за заштита и спасување –** Подрачно одделение Крива Паланка со допис 09-20/2 од 28.01.2021 год констатираат дека:
  - на проектниот опфат нема објекти и инсталации од областа на заштитата и спасувањето и дека немаат сознанија за присуство на неексплозивни убројни средства.
  - Заштита и спасување од свлечишта – да се превземат потребни испитуавња за стабилноста на земјиштето и да се превземат потребни мерки за заштита од свечишта.
  - Заштита и спасување од пожари – да се предвидат посебни мерки за заштита од пожари според постоечките законски прописи
  - Заштита и сапасување од поплави – да се превземат мерки за заштита од поплави односно регулирање на атмосферски води и суводилци.

9. НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Површината на проектниот опфат кој е предмет на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури за изградба на локален пат со м.б Спас до м.в. Крст во КО Конопница , Општина Крива Паланка** зафаќа површина од **127951,66м²**

УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА-НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ					
РЕД.БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	ПРОЦЕНТ	КОЕФИЦИЕНТ
	шифра	ШИФРА	m²	%	*
1	СООБРАЌАЈНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1	47771,72	61.88	1
2	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	Д2.1	80179,94	38.22	1
ВКУПНО			127951,66	100	1

Планер:

Март, 2025 година

Анче Димитриевска Толевска, дипл.инж.арх.

Овластување бр. 0.0102

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ГРАФИЧКИ ДЕЛ



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Крст до м.в. Спас. КО Конопница, Општина Крива Паланка.

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

N

РЕВИЗИЈА / РЕВИДЕНТ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИДЕНТ	ПЕЧАТ НА РЕВИДЕНТ

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Дрезденска 52, Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3066 816 | 02 3066 833 web: www.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

ИНВЕСТИТОР:
Општина Крива Паланка

ОБЈЕКТ:
Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Крст до м.в. Спас. КО Конопница, Општина Крива Паланка.

ПРОЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР:
Анче Димитриевска Толевска, дипл.инж.арх.
овластување бр. 0.0102

ПОТПИС НА ПЛАНЕР:

ОБЛАСТ НА ПРОЕКТИРАЊЕ:
УРБАНИЗАМ

У

ПЛАНЕРИ:
Славица Чавдаровска, дипл.инж.арх.
овластување бр. 0.0469
Катерина Николовска, дипл.инж.арх.
овластување бр. 0.0536
Елизабета Димитрова, м-р.инж.арх.
овластување бр. 0.0599

ПОТПИС:

СОДРЖИНА НА ЛИСТ:
ПРЕГЛЕДНА КАРТА

СОРАБОТНИЦИ:
Елена Спасеска, м-р.инж.арх.
Владимир Арсовски, м-р.инж.арх.

ПОТПИС:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ФОРМАТ:	ПРИЛОГ:
	Август 2025	M = 1:20 000	297/420	

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-2392/2
Дата/Data: 16-06-2025

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), Ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1 Со ова Решение на Општина Крива Паланка се издаваат Услови за планирање на просторот со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка.

Должината на планираната траса за која се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува 4,1 km.

Планираната траса се сече со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот со намена водоводна мрежа во м.в. Вирови и м.в. Грамаѓе во с.Конопница, КО Крива паланка и КО Конопница, Општина Крива паланка, со тех.бр.У24123.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.
Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладност со Просторниот план на Република Македонија.

AKTVENDIM
për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1. Me këtë Aktvendim Komunës së Kriva Pallankës i jepen Kushte për planifikimin e hapësirës me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale nga vendi i quajtur shpëtim deri te vendi i quajtur Kryqi, Komuna e Kriva Pallankës.

Gjatësi e planifikuar trasës për të cilën jepen Kushte për planifikim hapësinorë është 4, 1 km.

Trasa e planifikuar ndërpritet me sipërfaqjen për të cilën janë lëshuar Kushte për planifikim hapësinor me destinim rrjet ujësjellësi në vendndodhjet Virovi dhe Gramagje në fshatin Konopnicë, KK Kriva Pankë dhe KK Konopnicë, Komuna e Kriva Pankës, me nr. teknik U24123.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të jetë në përputhje me Ligjin për Planifikim Urbanistikë dhe Rregulloren për Planifikim Urbanistik.
Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin hapësinor dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, në pajtim me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y04324 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23 И 171/24).

6. Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Конопница има регистрирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитет.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik. U04324 janë një pjesë përbërse e Aktvendimit.

3. Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale nga vendi i quajtur shpëtim deri te vendi i quajtur Kryqi, Komuna e Kriva Pallankës, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje dhe vëzhgime përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, e veçanërisht organizimi i rreptë i transformimit të tokës nga klasa klasifikuese prej I-IV për përdorim jo bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.

5. Miratuesi ose hartuesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje që kufizohen me objektin planor, e që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25).

6. Sipas të dhënave nga Ekspertiza për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore në dhe harta Arkeologjike e Republikës se Maqedonisë, në teritorin e komunës kadastrale Konopnicës ka të regjistruar dhe evidentuar monomente të trashëgimisë kulturore dhe lokalitete arkieologjike.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

7. Gjatë sjelljes së vendimit për zbatimin ose vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për zonën me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale nga vendi i quajtur shpëtim deri te vendi i quajtur Kryqi, Komuna e Kriva Pallankës, është e detyrueshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e kryerjes së një Vlerësimi Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet e zonave sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Крива Паланка, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/24), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 58698 од 17.01.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15-2392/1 од 23.05.2025 година.

ARSYETIM

Komuna e Kriva Pallankës, në bazë të nenit 42, paragrafi (1) të Ligjit për Planifikim Urbanistikë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), ka paraqitur kërkesë përmes e -urbanizmit, me numër të procedurës UPP 58698 nga 17.01.2024, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për dhënien e Kushteve për planifikim hapësinor me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale nga vendi i quajtur shpëtim deri te vendi i quajtur Kryqi, Komuna e Kriva Pallankës.

Në bazë të nenit 42, paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka përgatitur Kushtet për Planifikim Hapësinor me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale nga vendi i quajtur shpëtim deri te vendi i quajtur Kryqi, Komuna e Kriva Pallankës dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15-2392/1 nga 23.05.2025.

Министерство за животна средина и просторно планирање на
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Условите за планирање на просторот со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Kushte për planifikimin e hapësirës me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale nga vendi i quajtur shpëtim deri te vendi i quajtur Kryqi, Komuna e Kriva Pallankës, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје Shkup MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР/ Ministër
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнациска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit Husamet Agushovski

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница,

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y04324

Скопје, мај 2025

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница,

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Крива Паланка

Тех.бр. Y04324

Раководител на задачата:
Владимир Кузмановски, д.е.к.

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.
/ Раководител на одделение за спроведување на просторни планови /

Агенција за планирање на просторот
по Овластување на Директорот
бр. 03-826/1 од 16.05.2025

_____

д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Скопје, мај 2025

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница,

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава *Решение за Услови за планирање на просторот.*

Условите за планирање на просторот се со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка. Должината на планираната траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 4,1 km.

Планираната траса граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот со намена водоводна мрежа во м.в. Вирови и м.в. Грамаќе во с . Конопница, КО Крива Паланка и КО Конопница, Општина Крива Паланка, со тех.бр. Y24123.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира *намалување на регионалните диспропорции*, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство *и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.*

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Услови за планирање на просторот со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка. Предметната локација се наоѓа јужно од населено место Крива Паланка.

Геолошки и инженерско - геолошки карактеристики

Геолошкото минато на Осоговијата, почнувајќи од палеозоикот па се до дилувиумот таа била опфаќана со хоризонтални и вертикални тектонски движења кои ја набрчкувале, издигале и раздробувале. Тие движења предизвикале раседи и вулкани, низ кои се излила магма.

Осоговијата е составена од разновидни карпи. Во нивниот состав учествуваат архајски и палеозојски шкрилци, постари и помлади еруптивни карпи, палеогени и неогени седиментии дилувијални и алувијални творби.

Еруптивните карпи содржат значително количество на разновидни руди, а соодветен процент на руди содржат и кристалести шкрилци.

Теренот на кој лежи предметната локација е од алувијални и делувијални седименти, слабо консолидиран терен Алувијалната рамнина на Крива Река настанала од акумулативната работа на реката и нејзините притоки.

Клима

Просторот е под непосредно влијание на умерено-континентална клима, што се должи на географската диспозиција и на извесни влијанија кои навлегуваат од Егејот преку Крива Река. Просечна годишна температура изнесува 10.0^{o}C и годишна амплитуда од 20,4^{0}C. (апсолутен мин. - 20,6^{o}C, апсолутен макс. 37,3C). Во текот на годината најтопол месец е јули со просечната вредност на температура од 19,8^{0}C, а најстуден месец е јануари со просечна вредност од - 0,6^{o}C. Може да се констатира дека климата во регионот се одликува со умерено ладна зима, умерено топло лето, свежа пролет и релативно топла есен.

Просечна годишна количина на врнежи изнесува 624,5mm, нај врнежлив е месец мај со 72,7mm. просечен број на снежни денови е 31, а максимална снежна покривка достига 55sm.

Воздушните струења се чести и интезивни од североисток (633‰) и југозапад (225‰). Просечна годишна брзина на воздушните струења изнесува 2,9m/sek. со максимална регистрирана брзина од 19,0m/sek. Се јавува преку целата година, со најголема зачестеност од јули до октомври.

Северниот и јужниот ветер се со мала зачестеност од 27‰, односно 23‰, со просечна годишна брзина од 2,7m/sek, односно 5,4m/sek.

Источниот е со зачестеност од 24‰, а западниот со зачестеност од 18‰.

Поради големата зачестеност на ветровите во оваа подрачје, маглата е ретка појава. Просечно годишно се регистрираат 13 денови со магла, и тоа главно од ноември до март, а некои години се јавува од септември до мај.

Број на сончеви саати во околината изнесуваат над 2300 часа. Просечен број на ведри денови е 78 дена, облачни 186 и тмурни 101ден. Просечн годишна влажност на воздухот е 68%.

Податоците се од мерна станица Крива Паланка.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на *економскиот развој* во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности.

Во тој контекст, изградбата на сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.

Објективно, економскиот развој е условен од обемот на инвестициите. Како битна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наменето за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на капацитетите, треба да се истакне и значењето на определбата за продолжување на инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолошка модернизација и *градба на нови инфраструктурни објекти,* но со јасно определена општествена и економска корисност и инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Крива Паланка со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторот, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за

која се наменети Условите за планирање е "Северната" развојна оска која се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Струга- Охрид- Кичево- Гостивар- Тетово- Скопје- Куманово- Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р Бугарија и на запад кон Елбасан-Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;
- Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Шуми и шумско земјиште

Планскиот концепт на развој *на шумите и шумското земјиште* утврден со Просторниот план на Република Македонија е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на теренитe каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на теренитe каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на теренитe каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- За трајно сочувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др.
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството;

Проекцијата за пошумување со Просторниот план на Република Македонија се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на Република Македонија, во Регионот на Крива Паланка се планира пошумување во шума и вон шума на околу 3.300 ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во Криво Паланечкиот регион вкупната површина под шуми ќе изнесува 27.100 ha, дрвната маса се проценува на износ од околу 5.100.000 m^3 и вкупен годишен прираст од 77.000 m^3.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа документација за предметниот простор, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Изградбата на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Изградбата на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.

- Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале во текот на изградбата на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатационият период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за Државата;
- Капацитетите на туристичката понуда;
- Стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- Капацитетите за користење на природните ресурси.
- Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:
- Намената и користењето на површините;
- Мрежата на инфраструктура;
- Мрежата на населби;
- Заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка. Должината на планираната траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 4,1 km.

Планираната траса граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот со намена водоводна мрежа во м.в. Вирови и м.в. Грамаќе во с . Конопница, КО Крива Паланка и КО Конопница, Општина Крива Паланка, со тех.бр. Y24123.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- **Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на идниот економски развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности.**
- **Изградбата на сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- **Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**
- **При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Шуми и шумско земјиште

– Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

– Трасата на локалниот пат се пресекува со времен водотек. При изработката на проектно-планската документација за патот и нејзината реализација да се применуваат мерки со кои ќе се заштити просторот од појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето, односно да се избегнува деградирање на просторот преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејсажот и сл.

Енергетика и енергетска инфраструктура

– Локацијата **со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка** нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
– **За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.**

Урбанизација и мрежа на населби

– **Реализацијата на документацијата со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Домување

– **Реализацијата на документацијата со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, ќе овозможи поквалитетен стандард на домување во населбата од непосредната околина преку подобрување на инфраструктурна опременост (сообраќајна) во овој дел на регионот.**

Јавни функции

– **На предложената траса со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, нема организација на јавни функции (образование, култура, здравство, спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

– **Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Република Македонија за дисперзија на индустријата во планскиот период и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите на заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.**

Сообраќајна инфраструктура

– **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
– **А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан);**
– **Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:**
– **Р2245 - (Крива Паланка-врска со А2) – Осиче-Огут-граница со Р. Србија.**
– **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

– **Трасата со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
– Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на предметниот простор со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно

наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Конопница има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Кратовско - Кривопаланечки туристички регион со утврдени 2 туристички зони и 7 туристички локалитети и низ неа минува транзитен коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и во индиректно загрозени простори од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.**
- **Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.**
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и**

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена сообраќајна патна инфраструктура за изградба на локален пат од м.в. Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар

Образование
Средно Вишо Високо

Здравствена заштита
2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој
источна
север-југ
западна
јужна
северна

Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Број: 29-674/2 од 06.02.2025 год.

Сектор за урбанизам, сообраќај,
заштита на животната средина
и комунална инфраструктура
Одделение за урбанизам и
заштита на животната средина

ИЗВОД ОД ОПШТ АКТ
Општ акт за с.Конопница-Крива Паланка
Одлука: бр.09-2149/9 од 17.08.2015година
баран опфат
с.Конопница
КО Конопница,
ДЛ бр. /
Размер: М=1:2500

ИЗВОД ЗА : баран опфат
КО Конопница

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
   - Заверена копија од урбанистичко решение во идентична форма со граница на градежната парцела, дел од планот или на целиот плански опфат за кој се однесува барањето за извод со :
   - легенда
   - намена на површината
   - сообраќаен план, нивелациски план, план за инфрастуктура.....нема
   - синтезен план
   - табела со нумерички показатели
   - по потреба заверена копија од други графички прилози со легенда:

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
   - Заверена копија од општите и посебните услови за просторен развој и за спроведување на планот, нумерички податоци за услови за планирање на просторот (услови за градење, параметри за спроведување на планот, мерки за заштита на културното наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и др.).
   - По потреба и други услови.....нема
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**.....нема

Општина Крива Паланка
Одделение за урбанизам
и заштита на животна средина
Раководител,
диа Маја Костадиновска

Изготвил
Советник
диа Иван Велиновски

- 16	1,090
- 7	
- 9	
- 10	
20	1,150
- 17	
-20	
11	0,698
10	
10	
24	1,247
12	
11	
19	
10	
11	1,268
5	
28	
7	
13	
5	
8	0,058
53	100,000



07.6

08

09.1

09.2

09.3

09.4

МААЛА БАРАТЛИНЦИ

КЛАДЕНЧЕ

НУНУШОВСКА МААЛА

ПИЈАНИЧКА МААЛА



БРОЈ НА ПЛАНСКИТЕ ОПФАТИ, НИВНО ИМЕ, НИВНА ПОВРШИНА И УЧЕСТВО ВОВКУПНАТА ПОВРШИНА

реден број	БРОЈ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	БРОЈ НА ГРУПА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	ИМЕ НА ГРУПАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	БРУТО ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ха	БРУТО ПОВРШИНА НА ГРУПА НА ПЛАНСКИ ОПФАТИ - ПО МААЛА - ха	БРОЈ НА ПРЕКРШНИ ТОЧКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	УЧЕСТВО НА ГРУПИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ ОПФАТИ (МААЛАТА) ВО ВКУПНАТА ПОВРШИНА НА ОПФАТОТ %
1	2	3	4	5	6	7	8
1.	01	01	СЕЛО-КОНОПНИЦА	353,101	353,101	1 - 169	86,585
2.	02.1	02	„ДОЛГИ НИВИ„ МААЛА	0,163	7,888	1 - 7	1,934
3.	02.2	02	„ДАМЈАНОВО„	7,725		1 - 13	
4.	03	03	„ДОЛГИ НИВИ„ МААЛА	0,988	0,988	1 - 7	0,242
5.	04	04	„ДОЛГИ НИВИ„ МААЛА	1,394	1,394	1 - 14	0,652
6.	05	05	„БАРАТЛИНЦИ„ МААЛА	3,573	3,573	1 - 11	0,314
7.	06	06	„БАРАТЛИНЦИ„ МААЛА	0,040	0,040	1 - 4	0,010
8.	07.1	07	„КУРТИШ„ МААЛА	0,608	2,604	1 - 17	0,474
9.	07.2	07	„КУРТИШ„ МААЛА	0,184		1 - 7	
10.	07.3	07	„КУРТИШ„ МААЛА	0,162		1 - 4	
11.	07.4	07	„КУРТИШ„ МААЛА	1,494		1 - 15	
12.	07.5	07	„КУРТИШ„ МААЛА	0,101		1 - 4	
13.	07.6	07	„КУРТИШ„ МААЛА	0,064		1 - 4	

РИД

ЧУКАР

НИКОЛИНСКА МААЛА

ЈУШМЕРСКА МААЛА

КРСТ

09.5

11.1

11.2

ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО КОНОПНИЦА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

НАМЕНА
НА ЗЕМЈИШТЕТО

M = 1 : 2500

ПЛАНСКИ ОПФАТ: 09.5, 10.2, 10.3, 10.4, 10.5, 11.1, 11.2 и 11.3

л е г е н д а :

- граница на плански опфат
- граница на катастарска оптина
- граница на кп
- 406 број на кп
- граница на наменска зона
- граница на затитна зона на реката со =3,0м
- линија за корито на река-дол
- 01-15 број на групи на плански опфати (село + маала)
- 01 - 08 број на прекрни точки на граница на плански опфати



Сите графички прилози и пишаниот материјал кои то се појавуваат тука се дел од оригинален и необјавен труд на архитектот (претпријатието) и не смеат да се копираат,користат или отуѓуваат без писмена согласност на архитектот (претпријатието).
© ТД..ГЕНИКО..
СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ

нарачател на планот:	локална самоуправа - Оптина Крива Паланка				
донесувач на планот:	Совет на Оптина Крива Паланка				
наслов на планот:	ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО КОНОПНИЦА - ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА				
наслов на листот:	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО				
изработувач:	тд ..ГЕНИКО.. - ПРИЛЕП				
планери:	Драган Димески, диа овластување бр. 0.0074			бр. на одлука на совет на на Оптина Крива Паланка	
	Гордана Блакоска, диа овластување бр. 0.0376				
планери-соработници:	Даме Димески, диа				
	Мирољуб Чорби, диа				
	Никола Спиркоски, диа				
дата: јуни 2015	технички број: 41/2015	лист бр. 4.3		Председател на советот на Оптина Крива Паланка	
управител:	Миле Стојкоски				

КЛАСИ НА НАМЕНИ



наменска зона А -домување :

-домување во станбени куи со посебен режим - **А0**
- домување во станбени куи - **А1** или домување во станбени куи со селско-стопански двор - **А1**
- групно домување - **А3**
сите со компатибилни класи на намена



наменска зона Е - инфраструктура
- комунална инфраструктура - **Е1**,
(сообраајна инфраструктура)



- комунална инфраструктура - **Е1**,
(сообраајна инфраструктура надвор од планските опфати)



постојно корито на реките ..селска река.. ..боголожин.. дол и останатите отворени канали-долови(суводолици)

БРОЈ НА ПЛАНСКИТЕ ОПФАТИ, НИВНО ИМЕ, НИВНА ПОВРШИНА И УЧЕСТВО ВОВКУПНАТА ПОВРШИНА

редни број	БРОЈ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	БРОЈ НА ГРУПА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	ИМЕ НА ГРУПАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	БРУТО ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ха	БРУТО ПОВРШИНА НА ГРУПА НА ПЛАНСКИ ОПФАТИ - ПО МААЛА - ха	БРОЈ НА ПРЕКРШНИ ТОЧКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	УЧЕСТВО НА ГРУПИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ ОПФАТИ (МААЛАТА) ВО ВКУПНАТА ПОВРШИНА НА ОПФАТОТ %
1	2	3	4	5	6	7	8
1.	01	01	СЕЛО-КОНОПНИЦА	353,101	353,101	1 - 169	86,585
2.	02.1	02	..ДОЛГИ НИВИ.. МААЛА	0,163	7,888	1 - 7	1,934
3.	02.2	02	..ДАМЈАНОВО..	7,725		1 - 13	
4.	03	03	..ДОЛГИ НИВИ.. МААЛА	0,988	0,988	1 - 7	0,242
5.	04	04	..ДОЛГИ НИВИ.. МААЛА	1,394	1,394	1 - 14	0,652
6.	05	05	..БАРАТЛИНЦИ.. МААЛА	3,573	3,573	1 - 11	0,314
7.	06	06	..БАРАТЛИНЦИ.. МААЛА	0,040	0,040	1 - 4	0,010
8.	07.1	07	..КУРТИШ.. МААЛА	0,608	2,604	1 - 17	0,474
9.	07.2	07	..КУРТИШ.. МААЛА	0,184		1 - 7	
10.	07.3	07	..КУРТИШ.. МААЛА	0,162		1 - 4	
11.	07.4	07	..КУРТИШ.. МААЛА	1,494		1 - 15	
12.	07.5	07	..КУРТИШ.. МААЛА	0,101		1 - 4	
13.	07.6	07	..КУРТИШ.. МААЛА	0,064		1 - 4	
14.	08	08	..БАРАТЛИНЦИ.. МААЛА	4,069	4,069	1 - 9	0,517
15.	09.1	09	..ПИЈАНИЧКА.. МААЛА	1,446	6,119	1 - 6	1,469
16.	09.2	09	..ПИЈАНИЧКА.. МААЛА	2,114		1 - 20	
17.	09.3	09	..ПИЈАНИЧКА.. МААЛА	0,622		1 - 8	
18.	09.4	09	..ПИЈАНИЧКА.. МААЛА	1,620		1 - 22	
	09.5	09					
20.	10.1	10	..НУНУШОВСКА.. МААЛА	1,494		1 - 18	
	10.2	10					
	10.3	10					
	10.4	10					
	10.5	10					
	11.1	11					
	11.2	11					
	11.3	11					
28.	12.1	12	..ДЕМИШКОВСКА.. МААЛА	0,726	2,721	1 - 11	0,698
29.	12.2	12	..ДЕМИШКОВСКА.. МААЛА	0,795		1 - 10	
30.	12.3	12	..ДЕМИШКОВСКА.. МААЛА	1,200		1 - 10	
31.	13.1	13	..ПРТАЉСКА.. МААЛА	0,619	4,671	1 - 24	1,247
32.	13.2	13	..ПРТАЉСКА.. МААЛА	1,040		1 - 12	
33.	13.3	13	..ПРТАЉСКА.. МААЛА	0,367		1 - 11	
34.	13.4	13	..ПРТАЉСКА.. МААЛА	1,352		1 - 19	
35.	13.5	13	..ПРТАЉСКА.. МААЛА	1,293		1 - 10	
36.	14.1	14	..ГАРАЖДИНСКА.. МААЛА	0,511	5,946	1 - 11	1,268
37.	14.2	14	..ГАРАЖДИНСКА.. МААЛА	0,182		1 - 5	
38.	14.3	14	..ГАРАЖДИНСКА.. МААЛА	2,529		1 - 28	
39.	14.4	14	..ГАРАЖДИНСКА.. МААЛА	1,387		1 - 7	
40.	14.5	14	..ГАРАЖДИНСКА.. МААЛА	1,150		1 - 13	
41.	14.5	14	..ГРАЖДИНСКА.. МААЛА	0,187		1 - 5	
42.	15	15	..ГРАЖДИНСКА.. МААЛА	0,226	0,226	1 - 8	0,058
43.	01 - 15		ВКУПНО:	407,807		653	100,000

6. **Е-инфраструктура**

Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна)

Дефинирањето на наменските зони, односно дефинирањето на границите на наменските зони, произлегува од анализата на постојната состојба на теренот (природните граници) и од претпоставките за севкупните идни потреби за побрз економски развој на селото, а усогласени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13,167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Така учеството на основните групи на класи на намени, во планскиот опфат изнесува:

1. **А-домување.....**	**347,455 ха**	**(85,20%)**
2. **Б-комерцијални и деловни намени.....**	**2,835 ха**	**(0,70%)**
3. **В-јавни институции.....**	**1,544 ха**	**(0,38%)**
4. **Г-производство, дистрибуција и сервиси....**	**11,736 ха**	**(2,88%)**
5. **Д-зеленило и рекреација.....**	**13,290 ха**	**(3,26%)**
6. **Е-инфраструктура.....**	**11,145 ха**	**(2,73%)**
7. **јавна површина во плански опфат (водотеци и отворени канали).....**	**19,802 ха**	**(4,85%)**
плански опфат вкупно:	**407,807 ха**	**(100,00%)**

4. Општи услови за градба, развој и користење на земјиштето во рамките на наменските зони

Општите услови за изградба, развој и користење на просторот опфатен во планскиот опфат на ОПШТИОТ АКТ за СЕЛО КОНОПНИЦА, ко КОНОПНИЦА, во Општина Крива Паланка, се применуваат за сите катастарски парцели кои се во рамките на дефинираните наменски зони со намена за домување, јавни институции, зеленило и рекреација заедно со инфраструктурата.

4.1. Формирањето на градежните парцели, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето треба да се во согласност на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

4.2. При оформување на градежна парцела потребно е да се почитуваат имотно-правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да претставуваат градежна парцела. Основните услови за оформување на градежна парцела се дефинирани во член 22, 23, и 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

4.3. Површината за градење може да се протега во рамките на една или повеќе катастарски парцели, при што минималното растојание од површината за градење до границата парцелата кон постоечка сообраќајница не треба да е помало од 3 (три) метри, согласно на член 84а од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

4.4. За секоја градежна парцела во зависност од наменската зона важат максимално дозволените урбанистички величини и параметри, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето, максимална висина до хоризонтален венец, катност и ги имаат следните максимални вредности:

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ П %	КОФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ К	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ м

А0 - Домување во станбени куќи со посебен режим	50,00%	до 2,00	П+1+Пк	7,20
А1 - Домување во станбени куќи	70,00%	до 2,80	П+2+Пк	10,20
А3 - Групно домување	70,00%	до 2,00	П+2	10,20
Б1 - Мали комерцијални и деловни намени,	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
Б2 - Големи трговски единици	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
Б3 - Големи угостителски единици	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
Б4 - Работни простори	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
Б5 - Хотелски комплекси	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
В1 - Образование и наука	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
В2 - Здравство и социјална заштита	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
В3 - Култура	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
В4 - Државни институции	70,00%	до 1,40	П+1	8,00
Г2 - Лесна незагадувачка индустрија,	50,00%	до 1,00	П+1	Во зависност од функцијата на објектот
Г3 - Сервиси	50,00%	до 1,00	П+1	Во зависност од функцијата на објектот
Г4 - стоваришта	50,00%	до 1,00	П+1	Во зависност од функцијата на објектот
Д3 - Спорт и рекреација	70,00%	до 1,40	П+1	Во зависност од функцијата на објектот
Д4 - Меморијални споменици - (верски објекти со гробишта)	70,00%	до 1,40	П+1	Во зависност од функцијата на објектот

4.5. Процентот на изграденост на парцелите (П) е урбанистичка величина со која се покажува густината на изграденост и се пресметува како однос помеѓу површината за градба (под објекти) и вкупната површина на парцелата, а изразено во проценти.

4.6. Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина со која се покажува интезитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната бруто изградена развиена површина (по катови) и вкупната површина на парцелата, а изразено со рационален број со две децимали.

4.7. Максималната висина на градбата до хоризонтален венец е планска одредба со која се утврдува висината на градбата и се одредува од онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела (од страна на пристапната сообраќајница) во согласност на членовите: 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49 и 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

- за рамен терен максималната висина на градбата се изразува во метри должни како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар и хоризонталниот венец на градбата,

- за терен во пад и доколку тротоарот е долж лицето на градежната парцела, максималната висина на градбата се изразува во метри должни, каковертикално растојание помеѓу средината на страната на површината за градба ихоризонталниот венец на градбата,

4.8. Стационарниот сообраќај - паркирањето и гаражирањето ќе се решава во рамките на сопствената парцела, со обезбедување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената површина за градба и максимална висина, а во согласност со член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

4.9. Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14). Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и доколку инвеститорот сам не обезбеди, не може да се утврдат услови за градба за истата.

4.10. Надлежните институции кои стопанисуваат со комуналните инфраструктурни мрежи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрично напојување, фиксна телефонија и друго) да обезбедат услови за приклучок на градежните парцели кон своите мрежи.

4.11. Во рамките на планскиот опфат, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад, кој ќе се одлага, во заеднички контејнери, а определувањето на нивните локации да се изврши со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка.

4.12. При изградба на нови градби во целост да се почитува важечката законска и подзаконска регулатива со која се регулира изградбата на објектите.

4.13. При спроведување на Општ акт за село Конопница, во чиј плански опфат има води, како добра од општ интерес во сопственост на РМ, да се почитува нивната посебна заштита на начин и под услови одредени со Законот за води (СЛ. Весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 42/12, 23/13 и 163/13). Согласно Законот за води, во населените места, ширината на крајбрежниот појас ја определуваат Советот на Општините и советот на град Скопје, на предлог на Градоначалникот на Општините и на градот Скопје по предходна согласност на органот државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Реализацијата на општиот акт во крајбрежниот појас од 50 м е условена со реализација на наведените обврски од Законот за води.

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитната зона на водотеците (речните корита и другите поголеми отворени површини) во планските опфати кои се опфатени со овај ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, за истиот треба да се побара согласност од органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина - сектор за води.

4.14. Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат, кои не се опфатени со овие Општи услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите во рамките на дефинираните наменски зони со овој ОПШТ АКТ за СЕЛО, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

4.15. При спроведување на Општ акт за село Конопница, во целост да се почитуваат одредбите од Законот за јавните патишта (СЛ. Весник на РМ бр.84/08, 52/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13 и 42/14) во однос на државните патишта кои поминуваат или го тангираат планскиот опфат.

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитниот појас на државните патишта постоен или планиран, во планските опфати кои се предмет на овај ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а за истата се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, од надлежниот орган кој раководи со државните патишта - Јавното претпријатие за државни патишта. за истиот треба да се добие позитивно мислење-согласност.

4.16. При спроведување на Општ акт за село Конопница, доколку во опфатот поминува траса на железница во целост да се почитуваат одредбите од Законот за сигурност во железничкиот систем и Закон за железничкиот систем (СЛ. Весник на РМ бр.47/10) во однос на заштитниот појас на железничката пруга која поминува или го го тангира планскиот опфат.

Реализацијата на општиот акт во заштитниот појас на железничката пруга е условена со реализација на наведените обврски од Законот за сигурност во железничкиот систем и Закон за железничкиот систем (СЛ. Весник на РМ бр.47/10).

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитниот појас на железничката пруга постојна или планирана, во планските опфати кои се предмет на овај ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а за истата се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, од ЈП Македонски железници. за истиот треба да се добие позитивно мислење-согласност.

4.17. При спроведување на Општ акт за село Конопница, доколку во опфатот поминува траса на гасовод во целост да се почитуваат одредбите од од Законот за енергетика (СЛ. Весник на РМ бр.63/06, 36/07 и 106/08) регулирано со Правилникот за технички условии нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (СЛ. Весник на РМ бр.16/85 и 18/97) и Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до 13 бари (СЛ. Весник на РМ бр.100/09) во однос на заштитниот појас (2х30м) на гасоводот кој поминува низ планскиот опфат.

Реализацијата на општиот акт во заштитниот појас на гасоводот е условена со реализација на наведените обврски од Правилникот за технички условии нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (СЛ. Весник на РМ бр.16/85 и 18/97) и Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до 13 бари (СЛ. Весник на РМ бр.100/09).

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитниот појас на гасоводот постоен или планиран, во планските опфати кои се предмет на овај ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а за истата се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, од надлежното ЈП кое стопанисува со гасоводот. за истиот треба да се добие позитивно мислење-согласност.

4.18. При спроведување на Општ акт за село Конопница, доколку во опфатот поминува траса на далекувод за електрична енергија во целост да се почитуваат одредбите од Законот за енергетика (СЛ. Весник на РМ бр.63/06, 36/07 и 106/08) регулирано со Правилникот за технички норми за изградбана надземни електро-енергетски водови од 1КВ до 400КВ (СЛ. Весник на СФРЈ бр.65/88 и СЛ. Весник на СРЈ бр.18/92), а во однос на заштитниот појас на далеководот кој поминува низ планскиот опфат.

Реализацијата на општиот акт во заштитниот појас на далеководите е условена со реализација на наведените обврски од Правилникот за технички норми за изградбана надземни електро-енергетски водови од 1КВ до 400КВ (СЛ. Весник на СФРЈ бр.65/88 и СЛ. Весник на СРЈ бр.18/92).

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитниот појас на далековод постоен или планиран, во планските опфати кои се предмет на овај ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а за истата се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, од надлежното претпријатие стопанисува со далеководите за електрична енергија. за истиот треба да се добие позитивно мислење-согласност.

5. Начин на реализација на инфраструктурните водови и градби

Во планскиот опфат дефиниран со овај ОПШТ АКТ за СЕЛО Конопница, ко Конопница, Општина Крива Паланка, сите изградени комунални инфраструктурни мрежи (водовод, фекална канализација, електрично напојување, фиксна телефонија и друго), потребно е да овозможат прклучок на секој објект на истите мрежи.

Доколку се утврдат потреби за напојување на капацитети со кои се надминува капацитетот на постојната инфраструктура, изградбата на нови инфраструктурни мрежи и објекти ќе се врши со изработка на Проекти за инфраструктура, што е во склад со член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14 и 44/15).

6. Просторна организација и услови за градење во селски стопански двор

Со ОПШТИОТ АКТ за СЕЛО КОНОПНИЦА најголемиот дел од површините се планирани со **група на класи на намени за домување - А** (84,54%), поточно основна класа на намени: **домување во станбени куќи со посебен режим -А0, домување во станбени куќи-А1 и групно домување-А3.**

Во рамките на класата на намена: домување во станбени куќи-**А1** се дава

можност за организирање на селско-стопански двор. Така во состав на ГП покрај објектот за домување, можат да се планираат за градење помошни градби - објекти кои се во функција на селско - стопански двор (штали, складишта, гаражи, настрешници за механизација и слично).

Урбанистичките параметри (процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето) кои ги детерминираат условите за изградба на градежните парцели со намена **А1**- домување во станбени куќи со селско - стопански двор, не ги опфаќаат површините на помошните градби во функција на селско - стопанскиот двор.

7. Опис на постојните основни влезни и излезни сообраќајни правци и сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување

Селото Конопница се наоѓа западно од градот Крива Паланка, на некои 1,9 км од него, од централниот дел на градот, на левата страна на течението на Крива река, на самиот прелаз на речната долина во ридско-планинските предели, под северозападната падина на планината Конопница. Од сите четири страни атарот на село Конопница гранчи со атарите на соседните села и тоа: од север со КО на село Т΄лминци-дел, на дел од север со КО на село Градец , од североисток и исток со КО Крива Паланка и КО на село Мартиница. Од југоисток и дел од југ граничи со КО Дурачка река, на дел со КО на село Дренак и КО на село Борово, а од запад со КО на село Мождивњак.

Населеното место - селото Конопница има добра географска положба и голема сообраќајна поврзаност во однос на градот и непосредните населени места во поширокаата оклина на тој дел од Општината.

Така, од северната страна на планскиот опфат 1- село **поминува** во правец исток - запад категоризиран државен пат - А2, делница Куманово - Страцин - Крива Паланка - граница со Р Бугарија (граничен премин Деве Баир), кој го сечи просторот во планскиот опфат на два дела. Истиот влегува од источната страна помеѓу прекршните точки 91 и 92 продолжува низ планскиот опфат према запад и истиот го напушта во западната страна помеѓу прекршните точки 163 и 164.

Истиот зафаќа дел и од Општ акт на село Конопница (опфат 11.2 и опфат 10.1), Општина Крива Паланка. Поради преклоп на веќе издадени Услови за планирање на Урбанистичкиот проект побарано е Барање за користење на Услови од Министерсвото за животна средина и просторно планирање – сектор планирање. Со допис од Министертвото за животна средина со арх.бр.15-1855/2 од 11.03.2024 година констатираат дека се работи за ист проект опфат за кој имаат идадено Решение за услови и истите можат да се користат.

- Површина на проектен опфат P= 127951,66m^2
- Вкупната должината на траса за локалниот пат изнесува Л= 4087.46 м.

Должина на траса за локален пат кој навлегува во опфат на Општ акт на село Конопница изнесува Л= 81,1.00м
Должина на траса за локален пат кој навлегува во опфат Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за изградба на локален пат од м.в.Спас до м.в.Крст, и должината на опфатот изнесува Л= 4087.46 м

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 225/20,219/21,104/22 и 99/23), член 187 точка 1 став 4, планираниот пат се класифицира како – Локален пат, што го прврзуваат селото со околните населени места со класа на намена:
Е1– Сообраќајни инфраструктури
Е1.1 – Локални патишта

Планираниот пат се предвидува да ги поврзува населеното место од м.в.Спас до м.в.Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка.



Слика 1. Ориентациона местоположба на селски пат с.Конопница

2.Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во проектниот опфат

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за изградба на локален пат од м.в.Спас до м.в.Крст, КО Конопница, Општина Крива Паланка ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Сл. весник на Р.М 32/20, 111/23, 171/24, 73/24, 224/24) по претходно обезбедени Услови за планирање , Извод од Општ акт с.Конопница, мислење од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон , врз ажурирана геодетска подлога на проектниот опфат.
Со урбанистичкиот проект треба да се разработат надземни делови од инфраструктурата во делот на дефинирање на трасата и спецификацијата на подземниот вод и во делот на надземните градби.

Постоечката состојба на локалниот пат се карактеризира со пробиена земјана траса која од почетокот започнува на 834мнв, додека крајот на трасата се наоѓа на 1235мнв. Според висинската разлика меѓу почетокот и крајот на трасата се гледа дека се работи за траса која се протега низ планински терен, за кој се карактеристични многу мали радиуси на кривини (серпентини) и подложен наклон на истата од над 15%.

Според барањата на Инвеститорот, потребно е да се асфалтира пробиената траса на патот со хоризонтални елементи кои ќе обезбедат брзина на движење од 20км/час. Ваквите гранични хоризонтални елементи на локалниот пат го класифицираат во пат од ”Д” категорија. Така, осовината на локалниот пат е во главно повлечена вдолж осовината на пробиената траса, освен на места каде трасата е развивана по изохипси, со цел да се добие на должина, а со тоа да се намали подолжниот наклон на трасата.

Повлечената хоризонтална оска на локалниот пат се карактеризира со гранични елементи за проектна брзина од 20км/час, каде се предвидени кривини со мин.радиус од 12,5м, но истите се сепак доволни за безбедно да помине тешко товарно возило. Ширината на коловозот е 3,5м со предвидено проширување во кривините, банкините по локалниот пат изнесуваа 0,75/0,75м.

Вертикалното решение на локалниот пат е произлезено од концептот на израмнување на земјаните маси и постигнување на надолжен профил.

Вертикалното решение на локалниот пат е произлезено од концептот на израмнување на земјените маси и постигнување на максималниот дозволен наклон од 15% (според прописите) и овозможува искачување на тешки товарни возила во 1ва брзина. Бидејќи трасата во подолжен смисол е во константен успон, одводнувањето подолжно е решено со подолжниот наклон.

Во реоност на кривините (серпентини), обезбеден е подолжен наклон од 6%. Извршено е видоперење по осовината на патот и при тоа попречните наклони се движат од 2.5 до7.0%.

Одводнувањето е решено со примена на надолжни и попречни наклони. Бидејќи се работи за пат со наклон од 15%, предвидени се дополнителни елементи за одводнување, бетонски канавки, асфалтни риголи и бетонски цевасти пропусти кои ќе бидат детално разработени во основен проект.

Типичниот (нормалниот) напречен пресек на коловозот за локален пат е прикажан во графичкиот дел. Меродавната категорија по техничка група Д мешовит сообраќај со ПГДДС под 1000 во 3/ден. ПО сообраќајно оптеретување %-та категорија на пат. Фактор на н-ти /час ФНЧ е земен 8-10% од ПГДС.

Деталите на типичните на попречни пресеци, се дадени во соодветни цртежи :

Имено, поради привремената циркулација на тешки товарни возила за јавува за потреба од постугнување на следниве параметри кои се во рамки на актуелните прописи за проектирање:

- Максимален надолжен наклон 15%
- Меродавно возило 20м, односно според aaso, wtf -19.
- Планиран сообраќај на три години .... 220 тешки товарни возила
- Максимално оптеретување на возило 40Т (16Т+24Т).

Попречни профили – за предметната траса се проектирани попречни профили со сите потребни информации за понатамошното користење при изведба на патот во М=1:100 на ниво на овој проект истите дадени во графичкиот дел од проектот.
Коловозна конструкција- За предметниот локален пат, применет е следниов тип на конструкција

- БНХЦ 16.....7 cm.
- Тампон за дробен камен.....30cm.

2. Детални услови за проектирање и градење

Урбанистички проект вон опфат за изработка на урбанистички проект за изградба на локален пат од м.в Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина крива Паланка ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М 32/20, 111/23 и 171/24) , а во согласност со член 47, став 5 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) Доколку се работи за градби и подрачја од ставовите (2) и (3) од овој член кои се помали или поединечни градби, етапи и позиции или делови од градбите и подрачјата, односно се уредуваат поединечни, изолирани и далечни градби, односно групи на градби, инфраструктури, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, тие се уредуваат и реализираат со изработување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, што се утврдува во фаза на донесување на годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти.

Деталните услови важат за целата површина на градежното земјиште разработена со

Основа за изработка Детални услови за проектирање и градење е Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), специфичноста на проектниот концепт, како и проектните барања со овие плански одредби:

ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Точка 1.
Границата на опфат за разработка на Урбанистички Проект во кој е сместена целата инфраструктура е дефинирана со геодетски координати содржани во документационата основа.

Точка 2.
Проектниот опфат кој е предмет на овој **Урбанистички проект вон опфат за изработка на урбанистички проект за изградба на локален пат од м.в Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина крива Паланка, со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Конопница, Општина Крива Паланка ие вон пофат на урбанистички план на важечка планска документација со вкупна површина на проектиниот опфат која инзнесува 117964,79м^2 и вкупна должина на трасата за локалниот пат изнесува L=4087.46m.**

Должина на траса за локален пат кој навлегува во опфат на Општ акт на село Конопница изнесува Л= 81,1.00м
Должина на траса за локален пат кој навлегува во опфат Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за изградба на локален пат од м.в.Спас до м.в.Крст, изнесува Л= 4087.46м

Точка 3.
При примена на проектните решенија на **Урбанистички проект вон опфат за изработка на урбанистички проект за изградба на локален пат од м.в Спас до м.в. Крст, КО Конопница, Општина крива Паланка** за се што не е регулирано со овие услови треба да се вградат одредбите согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник бр. 36/04, 49/04, 86/08 и

93/12), Законот за пожарникарство (Сл.весник бр. 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област, особено мерките за заштита и спасување.
Мерки за заштита, пропишани со овој план, преставуваат урбанистички мерки за заштита на опфатот од неповолни фактори и нивното негативно влијание на животната и работната средина.

Точка 4
На подрачјето кое е предмет на анализа нема регистрирани недвижни споменици на културата согласно Изводот од Просторен план.
Доколку при реализацијата на Проектот за инфраструктура се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14 и 44/14).
Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство согласно чл. 71 од истиот Законот.

НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО - КЛАСИ НА НАМЕНИ

Точка 5.
Со овој Урбанистички проект се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 80 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Службен весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23):
Проектниот опфат за изградба на локален пат е со основна намена:
Е-Инфраструктури
Е1.- сообраќајни, линиски и други инфраструктури

ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

Точка 6.

Во планскиот опфат да се предвиди **изградба на локален пат** согласно Класификација на градби и намени од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 225/20,219/21,104/22 и 99/23) спаѓа во група на **Е1.1 – Локани патишта.** Потребно е да се формира површина за локален пат, уредување на просторот со озеленување и новопроектирани канали за одводнување со предвиден заштитен појас на истиот.

Точка 7.
Во границите на Е.1.1 е формирана површина од 117964,79м^2 и вкупна должина на трасата за локалниот пат изнесува L=4087.46m**.**

Точка 8.
Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба. Согласно Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Точка 9.
Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти. По завршување на градежните активности, просторот околу нив потребно е дополнително да се озелени.

Точка 10.
Доколку при реализацијата на Урбанистичкиот проект потребни се одредени измени на Идеен проект или е потребно усогласување на Идејниот проект со Законот за градење, се изработува Идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој Урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

Точка 11.
Од страна на **Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство** има добиено допис на 04.02.2025 со арх.бр.17-482/2 и констатира дека не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство.
Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети со археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (,, Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19.)

Министерство за животна средина и просторно планирање, сектор води- допис број 0302од 29.02.2024 -Известуваат де проектниот опфат се однесува на тоа дали постојните услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за водоснабдување за изградба на водоводна мрежа во КО Конопница, Општина Крива Палнка, изработени од страна на Агенција за планирање на просторот со технички број У24123,врз основа на кои Министерството за животна средина и просторно планирање на просторот има издадено решение за Услови на планирање на просторот под бр.15-2392/2 од 16.06.2025, можат да се користат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за изградба на локален пат од м.в.Спас до м.в.Крст, Ко Конопница, Општина Крива Паланка. Министерството за животна средина и просторно планирање на- сектор за планирање известува дека ги има разгледано списите на предметот на веќе издадени улови за планирање на просторот со намена инфраструктури на водоснабдување за изградба на водоводна мрежа во м.в Вирови и м.в Грамаќе во с.Конопница, КО Конопница, Општина Крива Паланка. Во контекст на понапред кажаното, не известија дека согласно член 42, став4 од законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/20 и 11/23), кој гласи.... За ист плански опофат за кој веќе биле издадени услови за планирање на просторот, доколку донесувачот ги измени целите и наменската употреба на земјиштето во планската, односно проектната програма за урбанистичките проекти од ставот(1) на овој член во однос на претходната. Органот на државната управа за ва**жноста на издадените услови за планирање на просторот додека е во сила Просторниот план на просторот не се издаваат кога е во сила истиот Просторен план на Република Северна Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат.**

-**Министерство за одбрана-допис број 8-32-5/244 од 04.05.2025** известуваат дека не располагаат со техничка документација за кабелски инсталации.

-Министерство за внатрешни работи- допис број 11.2.35046/2 од 01.04.2025 известуваат дека немаат податоци за постоење на телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации задолжително да бидат известени.

Дел 3. – Проценка на безбедноста.

- Каде во заклучни согледувања е наведено:

3.1. Изградбата на локалниот пат НЕМА ДА ВЛИЈАЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ на спортскиот аеродром, и не се потребни мерки за дополнително ублажување.

3. Мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина, мерки за заштита и спасување

3.1 Мерки за заштита на културното наследство
Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Согласно Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.
Согласно допис бр. 17-3313/2 од 04.11.2024 година, од **Министерство за култура- Управа за заштита на културното наследство,** на поширокиот простор од подрачјето на предметниот план се наоѓа евидентирано недвижно културно добро – археолошкиот локалитет Сретсело (населба од неолитско време), просторот упатува за постоење на елементи на археолошко наследство.. **НУ Конзерваторски центар - Скопје,** како надлежна установа за заштита на културното наследство да изврши увид во границите на предметниот проектен опфат и да се произнесат со стручно мислење.

Согласно допис бр. 08-80/5 од 26.03.2025 година, стручна екипа од **НУ Конзерваторски центар - Скопје** по изготвено решение со бр. 08-80/5 на ден 26.03.2025 г. изврши теренски увид.

Со увидот се констатира дека на просторот на предметниот план не постои културно наследство.

Се наложува доколку при изведување на земјените работи се наиде на археолошки артефакти, да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

3.2. Мерки за заштита на животна средина

Животната средина ги опфаќа сите природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15,129/15, 192/15 39/16 и 99/18).

Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност;

рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 100/12- пречистен текст, и бр. 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за води (Сл. весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр. 09/11 - пречистен текст, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 63/16 и 113/18) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметната урбанистичко планска документација.

– Согласно член 7 од Законот за управување со отпад, отпад (Сл.в. на РМ, бр.09/2011-пречистен текст и бр.51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го

избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

– Евентуално создадениот отпад да се одложи во постојната депонија, се до изградба на предвидената регионална санитарна депонија.

– Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

– Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот.

– Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во околина на предметната локација со цел заштита од ерозивен нанос, како и имплементација на мерки за заштита на биодиверзитетот.

– Планирање на современа инфраструктура.

3.3 Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

Во периодот на експлоатација, транспортот по сообраќајниците во непосредната околина и зголемената концентрација на возила ќе влијае на зголемување на концентрацијата на честици во воздухот. Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици во воздухот може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти. Крупните честици, како прашината, која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во околниот воздух согласно Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на РМ бр.141/10).

3.4 Мерки за заштита на водите

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, **при изведувањето на градежните активности** на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Превентивната заштита на водите при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите треба да се постават согласно техничките нормативи и стандарди, во насока на обезбедување на нивна долготрајна сигурност и безбедност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со постојните стандарди и нормативи.

Потенцијалните извори на загадување на медиумите во животната средина ќе бидат дополнително разработени преку Урбанистичко-планска документација од пониско ниво за секој поединечен субјект во предметното подрачје, со децидно наведени плански мерки за заштита.

Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.

3.5 Мерки за заштита на почвата

При изградба на предметниот среднонапонски кабел да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и евентуално присутните подземни води. При реализација на активностите на терен да се избегне губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките

ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.
Механичкиот притисок врз почвата во фазата на изградба, поради употребата на тешка механизација, ќе предизвика набивање и компактирање на површинскиот слој на почвата, особено ако почвата е влажна. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието се оценува како краткотрајно.
Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на почва.

3.6 Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата во периодот на градба, се препорачува употреба на современа механизација и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина. Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Урбанистичко-планска документација за изградба на Акумулациона брана, потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во постојната депонија;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

3.7 Мерки за управување со отпадот

По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради нејзино отстранување. Градежниот шут кој ќе се создаде во текот на спроведувањето на планираните активности треба уредно да се одложи на депонија. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во најблиската депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини, а со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

3.8 Заштита на природата

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природните реткости.
Во современото планирање на просторот, мерките и активностите за заштитата на природата се насочени кон активно уредување и заштита на природата и средината во која човекот живее и работи.
Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на анализа, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
Со изработка на планската документација од пониско ниво потребно е да се превземат мерки за заштита согласно со Закон.

3.9 Мерки за заштита и спасување

Мерки за заштита, пропишани со овој план, преставуваат урбанистички мерки за заштита на опфатот од неповолни фактори и нивното негативно влијание на животната и работната средина. Истите се изработени согласно Дирекција за заштита и спасување – Подрачно одделение Гази Баба согласно допис бр. 09-365/2 од 17.10.2024 година, согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање а врз основа на Член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.93/12 - пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), доставува претходни услови за заштита и спасување, кои согласно Законот за заштита и спасување – пречистен текст (Сл.Весник на РМ бр.93/12), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. Весник на РМ бр.105/05).
Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

• изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
• вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
• уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
• воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
• обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна,

административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.
Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се:
урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
• засолнување;
• заштита и спасување од поплави;
• заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
• заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
• заштита и спасување од урнатини;
• заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
• спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
• евакуација;
• згрижување на загрозеното и настраданото население;
• радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
• прва медицинска помош;
• заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
• заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
• асанација на теренот.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување(Сл. в. на РСМ бр 36/04, 49/04, 86/08,124/10, 18/11 и 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр.168/17) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

1. изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
3. уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообракај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се:

Урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РСМ бр 36/04, 49/04, 86/08,124/10, 18/11 и 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25) , Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр.168/17) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари односно ширината на пристапниот пат за ПП возила не смее да биде помала од 5,5 метри согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. в. на РСМ бр 231/2020). Истоа така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5 метри, а најмногу 80 метри. Меѓусебното растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од осум метри согласно член 24 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр. 231/2011)

При проектирањето на новопланираните објекти, во документацијата да биде решена и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари , експлозии и опасни материи.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди. При изработката на Проект за инфраструктура почитуван е Законот за заштита и спасување (пречистен текст – Сл. Весник на РМ бр. 93/12 и 41/14), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13 и 158/14), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 32/11 и 145/13).

Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

6. брз и непречен пристап до градбите;
7. со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
8. обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар
9. во понатамошната разработка на планот, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

Во функција на уредувањето на просторот, задолжително се обезбедува:

a. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
b. регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи
c. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
d. обезбедување на противпожарни пречки
e. изградба на објекти за заштита
f. изградба на потребната инфраструктура

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од градот Тетово.

Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:
-сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ке има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.С.Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Согласно постојните анализи и добиените резултат за сеизмичност на локацијата.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

Предметната локација се карактеризира со рамничарско – котлински терен, појава од свлечиште не се очекува за време на земјаните активности – објектите се поставуваат површински со плитки ископи. Како дополнителна заштита од свлекување на земјиштето се потпорните ѕидови, и истите се поставуваат на места каде е невозможно да се постигне стабилен наклон на косината.
Со оглед на конфигурацијата на теренот не се очекува свлекување на земјиштето, при изработката на Основниот проект односно при неговото одобрување да се изработи Елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на локален пат, КО Конопница, Општина Крива Паланка , се наоѓа во простори со низок степен на загрозеност од воени дејства.

Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со низок степен на населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува низок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РСМ бр 36/04, 49/04, 86/08,124/10, 18/11 и 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки, а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на локален пат, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни

разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII - X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање на *заштитата од природни и елементарни катастрофи* во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за *заштита од пожари,* односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од градот Крива Паланка.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;

